# Дали беше неопходна финансиската поддршка на фирмите за задржување на работните места во време на Ковид-19?



Како и насекаде низ светот, Ковид-19 предизвика економска криза во Северна Македонија. Во еден дел, здравствениот одговор на кризата предизвика индуцирана контракција бидејќи економските субјекти како кафулиња, барови, ресторани и трговски центри мораше да затворат. Во друг дел, ограничувањето на движењето ја намали економската активност, најмногу во секторите трговија, угостителство и транспорт. Како одговор, Владата на Северна Македонија дизајнираше и спроведе мерка за финансиска поддршка на претпријатијата во износ до 14.500 денари месечно по работник, за април и мај 2020, за претпријатија кои во овие месеци искусиле пад на прометот поголем од 30% во однос на просекот од 2019, и со очекување дека со неа ќе се опфатат 250.000 работници.

## Бриф за политиките бр. 41

**Овој бриф за политиките наоѓа дека мерките за финансиска поддршка на претпријатијата овозможиле зачувување на 80% од околу 75 илјади работни места кои биле под висок ризик да бидат изгубени. Поради околностите сврзани со пандемијата во време на пишување на овој бриф, Finance Think ѝ препорачува на Владата на Северна Македонија да го продолжи важењето на овие мерки и за јуни 2020.**

### ПРОБЛЕМ

Мерката за финансиска поддршка на претпријатијата овозможува исплата на износ најмногу до важечката минимална плата во Северна Македонија (14.500 денари), за сите работници кои пред почетокот на кризата имале нето плата пониска од 39.900 денари. Ова предвидуваше дека претпријатијата кои ги отпуштиле своите работници како резултат на виша сила (што е случај со многу претпријатија кои беа присилно затворени) и определиле плата во износ од 50% до 80% од платата на работниците, со мерката можат да ја покријат вкупната бруто плата, под претпоставка дека претходно исплаќале минимална плата од 14.500 денари. За остатокот од претпријатијата, финансиската поддршка ја покрива нето платата, а работодавачите сами ги сносат данокот на личен доход и социјалните придонеси.

Претходно на оваа мерка, Владата определи и субвенционирање на придонесите во износ од 50%, најмногу до половина од придонесите на просечната плата, што е максимален износ од околу 5.500 денари по вработен, што ја направи оваа мерка јасно потчинета на погоре-споменатата мерка. Ова е особено важно затоа што двете мерки се заемно исклучиви, односно претпријатијата може да аплицираат за една од мерките по нивен избор. Но, со подоцнежните измени на соодветната уредба се овозможи мерката за субвенционирање на 50% од придонесите да може да се комбинира со мерката 14.500 денари по вработен во секторите транспорт и угостителство, кои според проценките на владата се сметаа за најпогодени.

## ЦЕЛ

Целта на оваа анализа е да направи проценка на ефективноста на мерките за финансиска поддршка на претпријатијата со цел зачувување на работните места.

## МЕТОДОЛОГИЈА И ПОДАТОЦИ

Методологијата на оваа анализа се базира на неодамна објавената сеопфатна и обемна студија на МОТ и ЕБОР (2020)[1], во која дејностите во Северна Македонија (на двоцифрено ниво според НКД Рев.2) се класифицирани во 5 групи, и тоа од 1 – намалку погодени (или непогодени) дејности, до 5 – најпогодени дејности (или дејности кои искусиле затварање).

Оваа класификација на дејностите ја вкрстуваме со нашата Анкета за квалитет на животот, која е прилагодена на агрегираните податоци објавени од Државниот завод за статистика во поглед на секторскиот број вработени во 2020, пред почетокот на кризата предизвикана од Ковид-19. Притоа, од пресметката ги исклучуваме неплатените семејни работници (проценети на околу 50 илјади) и неформалните работници (без договор за вработување или во нерегистрирано претпријатијие, проценети на околу 80 илјади), и работиме со остатокот формални вработени кои вклучуваат вработени за плата, работодавачи и вработени за сопствена сметка.

Претпоставуваме дека 20%, 40% и 95% од претпријатијата во дејностите погодени со 3, 4 и 5, соодветно, според студијата на МОТ и ЕБОР, се засегнати од Ковид-19 кризата, односно дека овој процент од претпријатијата искусиле пад на прометот во април и мај 2020 поголем од 30% во однос на просекот од 2019 година. Дополнително претпоставуваме дека 33% и 90% од засегнатите работници во дејностите погодени 4 и 5, соодветно, ќе ја изгубеле работата доколку претпријатијата во кои се вработени не биле поддржани од државата.

Во делот за оценка на ефектите од мерката за субвенционирање 50% од придонесите а најмногу до височината на просечната плата, се потпираме на нашиот МК-МОД Микросимулациски модел на даноци и надоместоци, кој се базира на Анкетата за квалитет на животот. Во моделот, ја внесуваме секторската погоденост од кризата и ги користиме процентите од претходниот параграф, поставувајќи го споменатиот максимум на придонесите. Со тоа, го симулираме износот на субвенционирани придонеси според погоденоста[2].

Добиените резултати ги споредуваме со административните податоци во мера во која тие се достапни.



[1] *Достапна на овој линк.*

[2] *Дополнително, претпоставуваме дека 20% од овие претпрујатија веќе го користат субвенционирањето на зголемувањето платите во износ од 600 до 6.000 денари, кое Владата го овозможи почнувајќи од декември 2019, што ги прави неподобни за дополнително субвенционирање во време на Ковид-19.*

## ГЛАВНИ НАОДИ

*Табела 1* ги претставува резултатите според погоденоста на дејностите. Според проценките, **финансиската поддршка од 14.500 денари по работник покрива околу 198 илјади работници во Северна Македонија, што е теоретскиот потенцијал на мерката, еквивалентен на фискален трошок од 46.6 милиони евра месечно.** Поради тоа што, моментално, мерката е во сила за два месеци, фискалниот трошок на државата се проценува на 93.2 милиони евра само од оваа мерка. Од овој износ, 5.9 милиони евра месечно, односно 11.8 милиони за двата месеца отпаѓаат на најпогодените сектори во транспортот и угостителството, со покривање од околу 22 илјади работници. Дополнителни максимални 810 илјади евра изнесува финансискиот трошок за мерката за субвенционирање на половина од придонесите, која во оваа симулација ја применуваме само на дејностите транспорт и угостителство, бидејќи само тие сектори може да ги комбинираат двете мерки.

*Табела 2* ги сумира вкупно проценетите износи на засегнати работници и фискален трошок и ги споредува со реализацијата за месеците април и мај.

**Табела 1 – Засегнати работници и проценет износ на финансиска поддршка според погоденост**

| | Цела економија | | | Од кои: транспорт и угостителство | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Погоденост | Вкупно вработени | Засегнати работници | Финансиска поддршка 14.500 ден (мил. ЕУР) | Вкупно вработени | Засегнати работници | Финансиска поддршка 14.500 ден (мил. ЕУР) | Субвенционирани придонеси (мил. ЕУР) |
| **1** | 4,278 | - | - | - | - | - | - |
| **2** | 153,805 | - | - | 674 | - | - | - |
| **3** | 160,477 | 32,095 | 7.6 | 28,801 | 5,760 | 1.4 | 0.22 |
| **4** | 325,675 | 130,270 | 30.7 | 36,637 | 14,655 | 3.5 | 0.53 |
| **5** | 37,159 | 35,301 | 8.3 | 2,065 | 1,962 | 0.5 | 0.07 |
| **Вкупно** | **681,395** | **197,667** | **46.6** | **68,176** | **22,376** | **5.3** | **0.81** |

*Извор: Пресметки на Finance Think.*



**Табела 2 – Проценка и реализација на вкупно засегнати работници и фискален трошок**

| | Засегнати работници | | Трошок (мил. ЕУР) | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Транспорт и угостителство | Поддршка 14.500 денари | Субвенција 50% придонеси | Вкупно |
| **Проценка** | 197,667 | 22,376 | 46.6 | 0.81 | 47.4 |
| **Реализација (април)** | 135,200 | Нема податок | 30.8 | Нема податок | Нема податок |
| **Реализација (мај)** | 183,600 | 20,044 | 41.8 | Нема податок | Нема податок |

*Извор: Пресметки на Finance Think. Во отсуство на официјални информации, реализацијата вклучува проценети бројки врз основа на изјави од владини претставници.*

Околу 32 илјади работни места во најпогодените сектори (5) и околу 43 илјади работни места во високопогодените сектори (4) биле под ризик да бидат уништени. **Вкупниот износ на работни места кои би биле изгубени поради кризата се проценува на 75 илјади, што претставува 9.2% од вкупните вработени во Северна Македонија**. Овој наод е во линија со наодот од МОТ/ЕБОР, според кој во Западниот Балкан, во просек, биле изгубени работни часови во износ од 11.6%, што е еквивалент на губење околу 85 илјади работни места во Северна Македонија. Дополнително, нашата интернет анкета од крајот на март 2020, покажа дека 10.8% од работниците стравувале од моментално губење на работното место.

**Резултатите покажуваат дека без финансиска поддршка на претпријатијата за задржување на работните места, стапката на невработеност ќе изнесуваше 23.9%**. Според последните информации за регистрираната невработеност (податоци од Агенцијата за вработување), помеѓу февруари 2020 (пред Ковид-19) и јуни 2020 биле изгубени (во нето износ) 15.371 работни места, што претставува 20.6% од потенцијалот за губење на работните места.

Реализацијата на мерката за финансиска поддршка со 14.500 денари по работиник во месец април од околу 135 илјади работници укажува дека мерката била потискористена (68.4%). Анегдотските докази укажуваат дека ова се случило поради недоволна информараност и стравувања дека пријавувањето за мерката ќе донесе проблеми за претпријатието во иднина (најчесто цитиран е стравот од зачестени инспекции). Сепак, во мај, искористеноста на мерката значително се зголемува и таа се доближува до својот теоретски потенцијал (92.9%).

## ПРЕПОРАКИ

Според резултатите од симулацијата и нејзината споредба со реализацијата, мерката за финансиска поддршка на работните места до 14.500 денари по работник за месеците април и мај 2020, надополнета со субвенционирањето на придонесите во висина од 50% кај најзасегнатите сектори во транспортот и угостителството, овозможила **зачувување на околу 80% од работните места кои биле високопогодени**, и според тоа, било извесно дека ќе бидат затворени.

Поради продолжувањето на индуцираната рецесија од почетокот на јуни 2020 – селективно спроведување на полициски час, придружено со потенцијален втор пик на пандемијата во истиот период, како и поради неизвесностите сврзани со олабавувањето на рестрикциите во меѓународната мобилност, Finance Think проценува дека ризикот за работните места, иако намален, и понатаму е присутен во текот на месец јуни. Оттука, **Finance Think препорачува важноста на двете мерки кои беа предмет на анализа во овој бриф да се прошири и на месец јуни 2020**.

Паралелно со спроведувањето на овие мерки, се препорачува понатамошно да се зголемува информираноста и да се гради довербата меѓу државните институции и корисниците на мерката, но истовремено да се спроведе оценка за пристапот и односот на инспекциските служби што може да било причина за ирационален однос на корисниците кон мерките на државата за намалување на економските штети од Ковид-19.



**Finance Think** е Институт за економски истражувања и политики.

**Нашата Визија**
Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**
Да го подобриме влијанието на економските и социјалните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западниот Балкан, преку економски истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Истражувањето на Finance Think им помага на носителите на политиките, застапниците на политиките, креаторите на мислење, економските новинари и јавноста да ги разберат прашањата кои влијаат врз обичните граѓани.

Ул. Фредерик Шопен 1/2
1000 Скопје,
Северна Македонија
www.financethink.mk
info@financethink.mk